





**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**

**28 јули - 3 август 2026 Билтен бр. 645**

# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ СОТИР ЛУКРОВСКИ ГОСТИН ВО ЕМИСИЈАТА „НА ПРВА“

**29 јули**
**Градоначалникот Сотир Лукровски беше гостин во емисијата „На прва“ со Љубиша Цветковски на Македонската радио-телевизија.**

**Линк од гостувањето**
**https://play.mrt.com.mk/play/596161**



# ОПШТИНА КАРПОШ ПРОДОЛЖУВА СО АКТИВНОСТИТЕ ЗА ПОДОБРА КАНАЛИЗАЦИОНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ЗЛОКУЌАНИ

**29 јули**
**Општина Карпош, во соработка со ЈП „Водовод и канализација“ – Скопје, продолжува со реализација на активности за прочистување и одржување на канализационата мрежа, со цел навремено решавање на критичните точки и подобрување на условите за живот на граѓаните. Во фокусот на денешните активности беше улицата „Скупи“ во Злокуќани, каде што екипите работеа на расчистување на шахти, отпушување на атмосферската канализација, како и чистење на сливници и фекални шахти.**

**Интервенциите се реализираа со цистерна под висок притисок, вакуум-цистерна и со рачно чистење на критичните точки. На терен изврши увид и градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, кој истакна дека решавањето на проблемите со канализационата инфраструктура е меѓу приоритетите на Општината и дека директната комуникација со граѓаните и навременото реагирање на нивните потреби се од особена важност. „Како Општина сме постојано на терен и во директна комуникација со граѓаните. Нашата цел е проблемите да ги детектираме навреме и, во соработка со надлежните институции, да преземеме конкретни активности за нивно решавање.**

**Продолжуваме посветено да работиме на подобрување на инфраструктурата и условите за живот во сите населби на Карпош“, истакна градоначалникот Лукровски. На увидот присуствуваше и директорот на ЈП „Водовод и канализација“ – Скопје, Иван Митровски, при што беше потврдена важноста од координираната соработка меѓу Општина Карпош и јавните претпријатија за ефикасно и навремено делување на терен. Активностите за прочистување и одржување на канализационата мрежа продолжуваат и утре во Нерези, со фокус на критичните делови од мрежата, со цел обезбедување подобра проточност и поефикасно функционирање на канализациониот систем. Општина Карпош продолжува да биде присутна на терен и да работи во интерес на граѓаните, со конкретни активности и координирана институционална соработка.**


RESOR
80
ГРАД СКОПЈЕ
BUGS BUNNY

# СООПШТЕНИЕ

**29 јули - Општина Карпош ги известува граѓаните кои претрпеа материјална штета од силното невреме што го зафати подрачјето на Општина Карпош на 21 јули 2026 година, дека е во тек приемот на барања за пријавување на настанатата штета. Постапката за проценка и надомест на штетата ќе се спроведува во соработка со Владата на Република Северна Македонија и Градот Скопје.**

**Образецот за пријавување на штета може да се подигне во архивата на Општина Карпош, а истиот е достапен за преземање на следниот линк: https://shorturl.at/iWhfK**

**Пополнетиот образец, заедно со потребната документација, се поднесува во архивата на Општина Карпош секој работен ден од 7:30 до 15:00 часот, најдоцна во рок од 30 дена од денот на настанувањето на штетата. Кон барањето задолжително се приложуваат следниве документи:**
**– Фотокопија од важечка лична карта или патна исправа,**
**– Фотокопија од имотен лист, како доказ за сопственост,**
**– Фотографии од локацијата на кои е видлива настанатата штета, и**
**– Записник од Министерството за внатрешни работи за настанатата штета.**

**Граѓаните кои веќе поднеле барање за надомест на материјална штета од невремето, во наредниот период ќе бидат контактирани од страна на општинските служби, со цел усогласување и дополнување на доставената документација согласно Образецот за пријавување на штета од невреме.**

# ОДРЖАН ВТОРИОТ „ОТВОРЕН ДЕН“ ВО ОПШТИНА КАРПОШ

**29 јули- Општина Карпош го одржа вториот „Отворен ден“, во рамки на активностите насочени кон унапредување на директната и непосредна комуникација со граѓаните.**
**И овојпат беше забележан значителен интерес од страна на жителите на Општина Карпош, поради што “Отворениот ден“ траеше до 18:00 часот.**
**Повеќе од 120 граѓани ја искористија можноста за директна средба со градоначалникот Сотир Лукровски и со раководителите на општинските сектори, при што ги презентираа своите предлози, прашања, иницијативи и барања.**

**Преку ваквиот формат на директна комуникација, граѓаните имаат можност непосредно да ги посочат предизвиците со кои се соочуваат, да ги претставаат своите потреби и да добијат конкретни информации и одговори од надлежните општински служби.**
**Општина Карпош останува посветена на транспарентна, отворена и двонасочна комуникација со граѓаните, со цел нивните предлози и потреби да бидат активно земени предвид во процесот на носење одлуки и креирање политики од локално значење.**







# СРЕДБА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЛУКРОВСКИ СО АРХИЕПИСКОПОТ Г. Г. СТЕФАН

**30 јули - Градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, оствари средба со Архиепископот на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, г. г. Стефан, на која се разговараше за значењето на верата и религијата во животот на граѓаните, како и за важноста од зачувување и негување на духовните и традиционалните вредности. На средбата беше истакнато и значењето на изградбата и одржувањето на црковните и верските објекти, кои претставуваат важен дел од културното и духовното наследство и имаат значајна улога во животот на локалната заедница. Посебно внимание беше посветено на изградбата на храмот „Христос Спасителот“ во населбата Карпош 4, чиј камен-темелник беше поставен во 2015 година од страна на г. г. Стефан.**

**По завршувањето на надворешниот дел од храмот, во тек се активности за негово целосно уредување и фрескоживописување, по што ќе биде ставен во функција на верниците и граѓаните. На средбата беше посочено дека изградбата на овој храм претставува значаен придонес кон духовниот живот на граѓаните и збогатувањето на верската инфраструктура во**



# УНАПРЕДУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО БАРДОВЦИ И ЗЛОКУЌАНИ

**30 јули - Општина Карпош, во соработка со ЈП „Водовод и канализација“, спроведува активности за чистење на фекалната канализациска мрежа на територијата на УЗ „Бардовци“ и УЗ „Злокуќани“.**

**Соработката со надлежните јавни претпријатија продолжува и во наредниот период, со цел унапредување на инфраструктурата и обезбедување поквалитетни услуги за сите жители на Карпош.**
**Фокусот на Општина Карпош е насочен кон потребите на граѓаните и решавањето на конкретните предизвици со кои тие секојдневно се соочуваат, за создавање поквалитетна и пофункционална локална заедница.**



# ДЕВЕТ НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ СТАНАА ДЕЛ ОД „РЕСУРСЕН ЦЕНТАР КАРПОШ“

**30 јули - Во просториите на Општина Карпош денеска се одржа првиот координативен состанок на „Ресурсен Центар Карпош“, на кој учествуваа претставници на девет невладини организации избрани преку јавен повик објавен од Општина Карпош. Средбата се одржа во отворена и интерактивна атмосфера, со цел меѓусебно запознавање на учесниците, презентација на нивните активности и мисии, како и запознавање со визијата и целите на новоформираниот ресурсен центар. Во рамки на состанокот беа идентификувани потребите и очекувањата на организациите за претстојниот период, а беа дефинирани и конкретни следни чекори за воспоставување и унапредување на понатамошната соработка и меѓусебното вмрежување. Особена вредност на „Ресурсен Центар Карпош“ претставува разновидноста на организациите кои се дел од него, со активности во различни области од јавен интерес – од спорт, млади и поддршка на лица со попреченост, до заштита на животната средина, енергетска ефикасност, развој на бизнис-секторот и унапредување на јавните вештини.**

**Преку поврзување на организации со различни искуства, знаења и области на делување, „Ресурсен Центар Карпош“ има за цел да создаде простор за размена на идеи, развој на заеднички иницијативи и реализација на проекти од интерес за локалната заедница. Општина Карпош останува посветена на поддршката на граѓанскиот сектор и на создавањето услови за негово активно учество во процесите од значење за локалната заедница. Ваквите иницијативи придонесуваат кон посилно граѓанско учество, подобро вмрежување и создавање нови можности за унапредување на секојдневниот живот и квалитетот на живот на жителите на Општина Карпош.**



## УСЛУГА „ИТНО КОПЧЕ“ ВО КАРПОШ

**Општина Карпош, во соработка со Црвен крст на Град Скопје, ја спроведува услугата „Итно копче“, наменета за жители на Општина Карпош на возраст над 65 години кои живеат сами или со брачен партнер со нарушена здравствена состојба.**

**Преку аларм-уредот, корисниците имаат брз и лесен пристап до помош во секое време. Со едно притискање на копчето, се воспоставува контакт со обучен оператор кој ја проценува ситуацијата и дава соодветни насоки. Доколку е потребно, се обезбедува и тим за прва помош во домот, како и транспорт до соодветна здравствена или друга институција.**

**Заинтересираните лица кои ги исполнуваат условите од Јавниот повика, може да се пријават на 02/15330.**

**Поради ограничениот број на уреди, корисниците се избираат по принципот „прв дојден – прв услужен“.**

**Со услугата „Итно копче“, Општина Карпош продолжува да обезбедува поголема сигурност и грижа за своите повозрасни жители.**



# ОПШТИНА КАРПОШ ГИ УНАПРЕДУВА УСЛОВИТЕ И КАПАЦИТЕТИТЕ ВО ООУ „ЛАЗО ТРПОВСКИ“

**31 јули - Општина Карпош продолжува со реализација на активности насочени кон унапредување на училишната инфраструктура, зголемување на капацитетите и подобрување на условите и содржините за учениците во основните училишта на територијата на општината.**

**Во ООУ „Лазо Трповски“ во Карпош 3, во моментов се реализираат активности за реновирање и уредување на училниците на горниот кат од училиштето. Во рамки на активностите се врши бојадисување на училниците, ќе се набават нови столчиња и клупи и ќе се поставaт современи панели. Со ова се создаваат подобри услови за реализација на наставата и се осовременува образовниот процес за учениците од предметната настава, од шесто до деветто одделение.**

**Паралелно, на спортското игралиште кое се наоѓа во рамки на училиштето, извршена е целосна замена на дотраените дрвени даски на трибините на фудбалското и кошаркарското игралиште. На нивно место се поставени нови даски, со што се подобруваат условите за користење на спортските терени и просторот за спорт и рекреација.**

**Активностите се реализираат со цел подобрување и проширување на училишните капацитети и обезбедување поквалитетна и современа образовна средина за учениците во учебната 2026/2027 година.**

**Општина Карпош и во наредниот период ќе продолжи со реализација на активности за подобрување на училишната и спортската инфраструктура, создавање современи услови и збогатување на содржините за сите генерации.**



## ПРОЕКТОТ „ПАДРИОН” ВЛЕЗЕ ВО ОПШТИНА КАРПОШ

**Центарот за развој на Скопскиот плански регион го имплементира проектот ПАДРИОН- ,,Соочување на јавната администрација со процесот на дигитална трансформација како заедница од областа на Јадранско-Јонскиот регион”, кој е финансиран од ЕУ преку програмата Интеррег ИПА Адрион. Во рамки на проектот е формирана работна група, во која членуваат претставници од Општина Карпош и останатите општини во Скопскиот плански регион. Во таа насока, подготвен е анкетен прашалник, со цел да ја истражи дигиталната писменост кај жените на локално ниво и да придонесе кон креирање мерки за поттикнување на дигиталната инклузија.**

**Инаку, истражувањето ќе се реализира преку е-прашалник кој ќе биде поставен на официјалната веб страна на Општина Карпош, како и социјалните профили на локалната самоуправа. Анкетниот прашалник ќе биде наменет за поширок спектар на целни групи и тоа: жени кои се вработени во локалната администрација, жени од руралните и урбаните заедници, како и жени од маргинализирани групи од Општина Карпош.**

**На ваков начин, ќе се обезбедат мерливи податоци кои ќе помогнат при креирање на дигитални алатки за следење на прогресот на дигиталната писменост.**

# ОДБЕЛЕЖАН 2 АВГУСТ – ДЕНОТ НА РЕПУБЛИКАТА

**По повод одбележувањето на 2 Август – Денот на Републиката и празникот Илинден, делегација на Општина Карпош, предводена од претседателот на Советот на Општина Карпош, Христо Саракинов, положи свежо цвеќе пред споменикот на претседателот на Крушевската Република, Никола Карев.**
**Со оддавање почит кон илинденските херои, Општина Карпош го одбележува празникот кој претставува симбол на слободата, државноста, храброста и стремежот кон независност.**

**Нека ни е честит 2 Август – Денот на Републиката!**



# СУБВЕНЦИИ ЗА МЛАДИ КАРПОШАНИ ЗА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА Б КАТЕГОРИЈА

**Општина Карпош продолжува со реализација на мерката за субвенционирање на млади лица за теоретска и практична обука за полагање возачка дозвола Б категорија.Досега се поднесени 264 барања, од кои 216 млади лица целосно ја завршиле постапката, а исплатени се 3.445.048 денари.**
**За реализација на мерката се обезбедени вкупно 5.000.000 денари.**

**Јавниот повик е отворен до крајот на 2026 година, односно до исцрпување на предвидените средства.**
**Доколку сте млад жител на Општина Карпош и ги исполнувате условите, сѐ уште имате можност да аплицирате и да ја искористите оваа мерка.**
**Повеќе информации и апликација: https://shorturl.at/UEmJS**

**Прашалник за дигитална писменост, пристап, вештини и доверба во дигиталната трансформација на локално ниво**

